Европско движење

# ИЗЈАВА

## НА ЕВРОПСКОТО ДВИЖЕЊЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПО ПОВОД ТРАГЕДИЈАТА ВО ТЕТОВО

Изразуваме длабоко сочувство до семејствата, кои ги изгубија своите блиски во пожарот на Модуларниот ковид-центар во Тетово. Тагата е уште поголема, бидејќи овие луѓе беа болни, изнемоштени со голема надеж да бидат излекувани. Поминаа 20 месеци од пандемијата. Се чинеше дека беа апсолвирани сите безбедносни ризици, беа правени анализи и беа носени препораки. Верувавме дека институциите ќе знаат да го употребат овој капитал што доаѓаше од повеќе страни. Меѓу нив беа и препораките на Националната конвенција за Европската Унија НКЕУ-МК.

Имено, на есенската сесија со наслов: „Пандемијата и безбедноста: Како понатаму“ одржана во октомври 2020 година детално беа разработени препораки. Упатуваме само на првата, а другите може да се консултираат на линкот: https://bit.ly/РГ4-Втора_Сесија-МК

„Институциите надлежни за справување со кризи, вклучувајќи ја тука и кризата предизвикана од КОВИД-19, укажуваат на дефицит од човечки ресурси, особено дефицит од обучени човечки ресурси подготвени за дејствување во вонредни услови. Се предлага, институциите во доменот на здравството како и безбедносните институции да бидат зајакнати со нови човечки потенцијали (нови вработувања).“

Потенцираме дека клучен елемент во справување со пандемијата се човечките ресурси, покрај поголемиот број вработувања во здравството и безбедносните сегменти, постигнување согласност за првостепено значење на здравјето на сите граѓани, а потоа сé друго.

На крајот посакуваме да почне сериозно да се применува основниот организациски принцип - одговорност на сите институции во државата.

Скопје,

10.09.2021